# В Е Ш Т А Ч Е Њ Е Т О К А К О Д О К А З Н О С Р Е Д С Т В О

ДР ТОДОР ВИТЛАРОВ

ВЕШТАЧЕЊЕТО Е ИЗГОТВУВАЊЕ НА СТРУЧЕН НАОД И МИСЛЕЊЕ ИЗРАБОТЕНО ВРЗ ОСНОВА НА ПРИМЕНА НА НАУЧНИ И СТРУЧНИ МЕТОДИ,ТЕХНИЧКИ ДОСТИГНУВАЊА, СТРУЧНИ ЗНАЕЊА И ИСКУСТВА ВО ОБЛАСТА ШТО СЕ ДЕФИНИРА ВО СИТЕ СЛУЧАИ ОПРЕДЕЛЕНИ СО ЗАКОН ИЛИ ПО БАРАЊЕ НА ЗАИНТЕРЕСИРАНОТО ЛИЦЕ -НАРАЧАТЕЛ

ВЕШТАК Е ЛИЦЕ КОЕ ИМА ЛИЦЕНЦА ЗА ВЕШТАЧЕЊЕ ОД СООДВЕТНАТА ОБЛАСТ И Е ЗАПИШАН ВО РЕГИСТАРОТ ЗА ВЕШТАЦИ (ДРУШТВО ЗА ВЕШТАЧЕЊЕ, ТРГОВЕЦ ПОЕДИНЕЦ)

СО ИЗМЕНИ НА ЗАКОНОТ ОД 2014/БР.43, Е РЕГУЛИРАНО И ЗА БИРОТО ЗА СУДСКИ ВЕШТАЧЕЊА-ДОГОВОР ЗА СОРАБОТКА СО НАУЧНИ УСТАНОВИ И НАДВОРЕШНИ СОРАБОТНИЦИ

ТОА Е ПРОЦЕСНО ДЕЈСТВИЕ ВО КОЕ ПРЕКУ ПРЕГЛЕДОТ НА ПРЕДМЕТИТЕ И СПИСИТЕ ВО ПРЕДМЕТОТ, ВЕШТИТЕ ЛИЦА ГИ ЗАБЕЛЕЖУВААТ ФАКТИТЕ И ВРЗ ОСНОВА НА НИВНОТО СТРУЧНО ЗНАЕЊЕ ГО ДАВААТ СВОЕТО МИСЛЕЊЕ.

# КОГА СЕ ОПРЕДЕЛУВА ВЕШТАЧЕЊЕ?

СЕКОГАШ КОГА ФАКТИТЕ ШТО ТРЕБА ДА СЕ УТВРДАТ ЈА ПРЕМИНУВААТ ГРАНИЦАТА НА ПРОФЕСИОНАЛНАТА СТРУЧНОСТ НА ОРГАНОТ ШТО ЈА ВОДИ ПОСТАПКАТА.

ВЕШТАЧЕЊЕ НЕ МОЖЕ ДА СЕ ОПРЕДЕЛУВА ЗА ПРАВНИ ПРАШАЊА

# КОЈ ГО ОПРЕДЕЛУВА ВЕШТАЧЕЊЕТО?

СЕ ОПРЕДЕЛУВА СО ПОСЕБНА НАРЕДБА

-ВО ТЕКОТ НА ПРЕТХОДНАТА ПОСТАПКА ЈАВНИОТ ОБВИНИТЕЛ

-НА ГЛАВНА РАСПРАВА СУДОТ (ПРОТИВРЕЧНОСТ САМО ЧЛ.394 СТ. 2 ОД ЗКП).

# ОПРЕДЕЛУВАЊЕ СУПЕР ВЕШТАЧЕЊЕ

- СУПЕРВЕШТАЧЕЊЕ Е ВЕШТАЧЕЊЕ ОД ПОВИСОК СТЕПЕН , ОДНОСНО СТРУЧНО КРИТИЧКА ЕКСПЕРТИЗА НА ДВЕ ПРОТИВРЕЧНИ ВЕШТАЧЕЊА
- ЈА ВРШИ ТИМ ОД НАЈМАЛКУ ТРОЈЦА ВЕШТАЦИ ОД СООДВЕТНА ОБЛАСТ ОД ОРГАН НА ДРЖАВНА УПРАВА, ВИСОКООБРАЗОВНА УСТАНОВА, НАУЧНА УСТАНОВА ИЛИ СТРУЧНА УСТАНОВА И ДРУШТВО ЗА ВЕШТАЧЕЊЕ ВО КОЕ ИМА ВРАБОТЕНО НАЈМАЛКУ ТРОЈЦА ВЕШТАЦИ ОД СООДВЕТНАТА ОБЛАСТ.
- МОЖЕ ДА НАРЕДИ ОРГАНОТ НАДЛЕЖЕН ЗА ИЗДАВАЊЕ НА НАРЕДБА ЗА ВЕШТАЧЕЊЕ

# СУПЕР ВЕШТАЧЕЊЕ ПО СЛУЖБЕНА ДОЛЖНОСТ ОД СТРАНА НА СУДОТ

ЗАРАДИ ОТСТРАНУВАЊЕ НА ПРОТИВВРЕЧНОСТИ ВО НАОДИТЕ И МИСЛЕЊАТА НА ВЕШТИ И СТРУЧНИ ЛИЦА, СУДОТ ПО ПРЕДЛОГ НА СТРАНКИТЕ ИЛИ ПО СЛУЖБЕНА ДОЛЖНОСТ МОЖЕ ДА ОПРЕДЕЛИ СУПЕР ВЕШТАЧЕЊЕ.

# ДАЛИ БРАНИТЕЛОТ МОЖЕ ДА ОПРЕДЕЛИ ВЕШТАЧЕЊЕ?

НЕ, НО ПРЕКУ КОРИСТЕЊЕ НА ТЕХНИЧКИ СОВЕТНИЦИ (ЧЛ. 244 И 245 ОД ЗКП),МОЖЕ ДА ГО ОСПОРУВА НАРЕДЕНОТО ВЕШТАЧЕЊЕ ОД СТРАНА НА ЈАВНИОТ ОБВИНИТЕЛ.

# ДАЛИ ОШТЕТЕНИОТ МОЖЕ ДА НАРЕДИ ВЕШТАЧЕЊЕ?

НЕ

ПРАКТИКАТА ПРИ ОТФРЛАЊЕ НА КРИВИЧНАТА ПРИЈАВА И ЖАЛБА НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТФРЛАЊЕ НА КРИВИЧНА ПРИЈАВА?

# НАЧИН НА ВЕШТАЧЕЊЕ

ЧЛ.236 СТ.5-ЗА СЛОЖЕНИ ПРЕДМЕТИ  МОЖЕ ДА СЕ НАРЕДИ ВЕШТАЧЕЊЕ  И НА ОРГАН НА ДРЖАВНАТА УПРАВА-РАЗРЕШЕН Е ПРОБЛЕМОТ СО ВЕШТАЧЕЊА ОД СТРАНА НА СЕКТОРОТ ЗА КРИМ. ВЕШТАЧЕЊА ПРИ МВР.

ПРЕД ВЕШТАЧЕЊЕ, ВЕШТОТО ЛИЦЕ ГО РАЗГЛЕДУВА ПРЕДМЕТОТ, МОЖЕ ДА ПРЕДЛОЖИ ВЕШТОТО ЛИЦЕ ДА СЕ ПРИБАВАТ ПОДАТОЦИ, ДОКАЗИ, ДА ПРИСУСТВУВА НА УВИД И РЕКОНСТРУКЦИЈА.

АКО СЕ ВРШИ АНАЛИЗА НА МАТЕРИЈА, МУ СЕ ДАВА САМО ДЕЛ, А ОД ОСТАТОКОТ МУ СЕ ОБЕЗБЕДУВА ДЕЛ ЗА ЕВЕНТУАЛНО ДОПОЛНИТЕЛНО ВЕШТАЧЕЊЕ (ЧЛ. 240 СТ 2 ОД ЗКП)

# ЗАПИСНИК ЗА ВЕШТАЧЕЊЕ

ПРЕД ЈАВЕН ОБВИНИТЕЛ, СЕ ПРЕДЛАГА НА ЛИСТАТА НА ДОКАЗИ ЗА НЕПОСРЕДЕН РАСПИТ НА ГЛАВНА РАСПРАВА

ИЛИ НА ГЛАВНА РАСПРАВА, ДИРЕКТНО И ВКРСТЕНО СЕ ИСПИТУВА

ПИСМЕН НАОД И МИСЛЕЊЕ НА ВЕШТО ЛИЦЕ , СЕ ДОСТАВУВА НА СПРОТИВНАТА СТРАНКА, ИМААТ ПРАВО НА РАЗГЛЕДУВАЊЕ

АКО ИМА НЕДОСТАТОЦИ (НЕЈАСНИ, НЕЦЕЛОСНИ, ПРОТИВРЕЧНИ) , ДА СЕ ВРАТИ НА ИСТИТЕ ВЕШТАЦИ ЗАРАДИ ОТСТРАНУВАЊЕ НА НЕДОСТАТОЦИТЕ

# ДОЛЖНОСТИ НА ВЕШТАЦИТЕ

-ДОЛЖЕН Е ДА СЕ ЈАВИ НА ПОКАНАТА
-ДА ДАДЕ СВОЈ НАОД И МИСЛЕЊЕ ВО ОПРЕДЕЛЕНИОТ РОК СО НАРЕДБАТА
-ДА ДОСТАВИ ИЗВЕШТАЈ ИЛИ НАОД И МИСЛЕЊЕ ДО ОРГАНОТ ШТО ГО НАРЕДИЛ ВЕШТАЧЕЊЕТО
-МОЖЕ ПРИСИЛНО ДА СЕ ДОВЕДЕ
-НЕ ДОЈДЕ А ИЗОСТАНОКОТ НЕ ГО ОПРАВДА, ОДБИЕ ДА ВЕШТАЧИ НЕ ПОСТАПИ ВО РОКОТ, МОЖЕ ПАРИЧНО ДА СЕ КАЗНИ ОД 500 ДО 1500 ЕВРА, А СТРУЧНА УСТАНОВА ОД 1000 ДО 3000 ЕВРА,
-ОДЛУКАТА ЗА ОВА Е НА СУДИЈАТА ЗА ПРЕТХОДНА ПОСТАПКА ИЛИ НА СУДЕЧКИОТ СУДИЈА

# ТЕХНИЧКИ СОВЕТНИЦИ

ГИ ИМЕНУВААТ САМИТЕ СТРАНКИ, ПО ПРАВИЛО ОД РЕДОТ НА РЕГИСТАРОТ НА ВЕШТАЦИ, НАЈМНОГУ ДВАЈЦА ЗАРАДИ СТРУЧНА ПОМОШ НА СТРАНКИТЕ ВО ПОСТАПКАТА,

# УЛОГАТА Е ДВОЈНА

-ДА ИМ ПОМОГНАТ НА СТРАНКИТЕ ОКОЛУ СОБИРАЊЕ НА ПОДАТОЦИ И ДОКАЗИ ЗА ОПРЕДЕЛЕНИ СТРУЧНИ ПРАШАЊА (НАДВОР ОД ПРАВОТО.)

ОД ПОРАНЕШНИОТ ЗКП, ЧЛ 161 СТ. 8

-ДА ИМ ПОМОГНАТ НА СТРАНКИТЕ ПРИ НЕПОСРЕДНИОТ РАСПИТ НА ВЕШТИТЕ ЛИЦА ВО НАСОКА НА ОСПОРУВАЊЕ ИЛИ ЕВЕНТУАЛНА ДИСКРЕДИТАЦИЈА НА НИВНИТЕ НАОДИ И МИСЛЕЊА.

-АКО СЕ ИМЕНУВАНИ ПРЕД ВЕШТАЊЕТО ТЕХНИЧКИТЕ СОВЕТНИЦИ МОЖЕ ДА ПРИСУСТВУВАТ НА ВЕШТАЧЕЊЕТО, ДА СТАВАТ ЗАБЕЛЕШКИ ИЛИ ПРЕДЛОЗИ

-АКО СЕ ИМЕНУВАНИ ПО ЗАВРШЕНО ВЕШТАЧЕЊЕ МОЖАТ ДА ГО РАЗГЛЕДААТ НАОДОТ И МИСЛЕЊЕТО

ДА ПОБАРААТ ОД ОРГАНОТ ШТО ЈА ВОДИ ПОСТАПКАТА ДА ГО ПРЕГЛЕДААТ ЛИЦЕ МЕСТОТО ИЛИ РАЗГЛЕДААТ ПРЕДМЕТОТ ИЛИ МЕСТОТО ШТО СЕ ПРЕДМЕТ НА ВЕШТАЧЕЊЕ

# КАКВА Е ДОКАЗНАТА ВРЕДНОСТ НА ЗАПИСНИЦИТЕ НА ТЕХНЧКИТЕ СОВЕТНИЦИ?

# ПСИХИЈАТРИСКО ВЕШТАЧЕЊЕ

ЧЛ.СТ. 1-КОГА ИМА СОМНЕВАЊЕ ЗА НЕГОВАТА ПРЕСМЕТЛИВОСТ

СТ.2-КОГА ИМА СОМНЕВАЊЕ ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА СПОСОБНОСТА ДА УЧЕСТВУВА ВО ПОСТАПКАТА

-АКО Е ПОТРЕБНО ПОДОЛГО ПОСМАТРАЊЕ, МОЖЕ ДА СЕ СМЕСТИ ВО УСТАНОВА СО РЕШЕНИЕ НА СУДОТ, НАЈДОЛГО ЕДЕН МЕСЕЦ, САМО ПО ОБРАЗЛОЖЕН ПРЕДЛОГ ПО ПРЕДЛОГ НА УПРАВНИКОТ ПО МИСЛЕЊЕ НА ВЕШТИТЕ ЛИЦА, НАЈДОЛГО ДО ДВА МЕСЕЦА,  ПРАВО НА ЖАЛБА

# ТЕЛЕСЕН ПРЕГЛЕД, ЗЕМАЊЕ КРВ И ДРУГИ ЛЕКАРСКИ ДЕЈСТВИЈА

МОЖАТ ДА СЕ ПРЕВЗЕМАТ И БЕЗ СОГЛАСНОСТ ОД ЛИЦЕТО КОЕ СЕ ПРЕГЛЕДУВА, АКО ПОРАДИ ТОА НЕ БИ НАСТАНАЛА НЕКАКВА ШТЕТА ПО НЕГОВОТО ЗДРАВЈЕ

ТРЕБА ЛИ НАРЕДБА?

# ОД ПРАКТИКАТА

ОБВИНЕНИЕ ЗА УПОТРЕБА НА ИСПРАВА СО НЕВИСТИНИТА СОДРЖИНА ЧЛ. 380 СТ.1ОД КЗ

ОДБРАНАТА ПРЕДЛАГА СОСЛУШУВАЊЕ НА ТЕХНИЧКИ СОВЕТНИК СО ЛИЦЕНЦА ОД ОБЛАСТА НА ФИНАНСИИТЕ.

ИМА НАОД И РАСПИТЕН НА ГЛАВНА РАСПРАВА,ОБВИНЕТИОТ ОСТВАРИЛ ПРИХОД ОД ПРОДАЖБА НА ТУТУН ОД 102.356

СОГЛАСНО ЧЛ. 32-АСТ. 1 И 5 ОД ЗАКОНОТ ЗА ПЕРСОНАЛЕН ДОХОД ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ДАНОЧНА ОСНОВИЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКА ДЕЈНОСТ ,,МОРА ДА СЕ ОДБИЈАТ ТРОШОЦИ ОД 80%

ТАКА НАМЕСТО 102.356, ПО ОДБИВАЊЕ 80%, ДАНОЧНАТА ОСНОВИЦА Е 20.471, КОЈ ИЗНОС Е ПОМАЛ ОД ЛИМИТОТ ОД 96.000 ДЕНАРИ ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ ПРИДОНЕСИ ОД ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ